# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рok на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

21 мај 2024
Скопје
Број 7, година XIX
contact@kiselavoda.gov.mk


**Скопје, Мај, 2024 година**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за усвојување Квартални извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2024 година – К1 -квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година; - К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2024 година – К1 -квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година; - К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-4734/1
21.05.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1, алинеја 7 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија„ бр.5/02), член 34, став 1, алинеја 21 и член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), а во врска со член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија„ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 77/21, 150/21 и 173/22), расправајќи по Квартални извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2024 година – К1 -квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година; К2 -квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и деветтата пленарна седница одржана на 17 мај 2024 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2024 година – К1 - квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година; К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

1. Со овој Заклучок се усвојуваат Квартални извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2024 година – К1 -квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година; К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за финансиски прашања.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-4383/4
17 Мај 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за прифаќање на донација во вид на набавка, транспорт и монтажа на детски реквизити**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за прифаќање на донација во вид на набавка, транспорт и монтажа на детски реквизити, донесена на Триесет и деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 17 мај 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 4734/2
21.05.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 4 од Закон за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/2006; 86/2008; 51/2011; 28/2014 и 153/2015), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр. 5/2002) и член 34, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и деветтата пленарна седница одржана на 17 мај 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на донација во вид на набавка, транспорт и монтажа на детски реквизити**

**Член 1**

Со оваа Одлука се прифаќа донацијата во вид на набавка, транспорт и монтажа на детски реквизити кои давателот на донацијата ПИВАРА АД СКОПЈЕ ги донира на примателот на донацијата-Општина Кисела Вода, со намена за ЈДГ ,,8 Март,, во општина Кисела Вода на Град Скопје, објект ,,Пржино,, со вкупна парична вредност од 120 000,оо денари со вклучен ДДВ.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода да го потпише договорот за донација со ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ПИВО, СЛАД, ОЦЕТ, АЛКОХОЛНИ И БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ ПИВАРА СКОПЈЕ АД Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-4383/5
17 мај 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за давање согласност на Правилникот за условите, начинот и постапката за давање на термини за истакнување на реклама во спортските објекти „НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА" и „АРХИЕПИСКОП ДОСИТЕЈ" со кои стопанисува Јавното комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за условите, начинот и постапката за давање на термини за истакнување на реклама во спортските објекти „НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА" и „АРХИЕПИСКОП ДОСИТЕЈ" со кои стопанисува Јавното комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ, донесена на Триесет и деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 17 мај 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 4734/3
21.05.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и точка 13, член 64, став 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“број 5/02), член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и деветтата пленарна седница одржана на 17 мај 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Правилникот за условите, начинот и постапката за давање на термини за истакнување на реклама во спортските објекти „НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА“ и „АРХИЕПИСКОП ДОСИТЕЈ“ со кои стопанисува Јавното комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ**

1. Со оваа Одлука се дава согласност на Правилникот за условите, начинот и постапката за давање на термини за истакнување на реклама во спортските објекти „НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА“ и „АРХИЕПИСКОП ДОСИТЕЈ“ со кои стопанисува Јавното комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ.

2. Одлуката да се достави до Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура, до Јавното комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-4383/6
17 мај 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за давање согласност на Правилникот за условите, начинот и постапката за давање на термини на користење во спортските објекти на територијата на Општина Кисела Вода со кои стопанисува Јавното комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за условите, начинот и постапката за давање на термини на користење во спортските објекти на територијата на Општина Кисела Вода со кои стопанисува Јавното комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ, донесена на Триесет и деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 17 мај 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 4734/4
21.05.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и точка 13, член 64, став 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“број 5/02), член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и деветтата пленарна седница одржана на 17 мај 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Правилникот за условите, начинот и постапката за давање на термини на користење во спортските објекти на територијата на Општина Кисела Вода со кои стопанисува Јавното комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ**

1. Со оваа Одлука се дава согласност на Правилникот за условите, начинот и постапката за давање на термини на користење во спортските објекти на територијата на Општина Кисела Вода со кои стопанисува Јавното комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ.

2. Одлуката да се достави до Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура, до Јавното комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-4383/7
17 мај 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Правилник за условите и критериумите за избор на ученици од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода кои ќе посетуваат бесплатен летен спортско едукативен камп**

1. Со ова Решение се објавува Правилникот за условите и критериумите за избор на ученици од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода кои ќе посетуваат бесплатен летен спортско едукативен камп, донесен на Триесет и деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 17 мај 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 4734/5
21.05.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 22, став 1 и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002), а во врска со член 34, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и деветтата седница одржана на 17 мај 2024 година, го донесе следниот

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА УСЛОВИТЕ И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА КОИ ЌЕ ПОСЕТУВААТ БЕСПЛАТЕН ЛЕТЕН СПОРТСКО ЕДУКАТИВЕН КАМП**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се регулираат условите и критериумите за избор на ученици од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода кои ќе посетуваат бесплатен летен спортско едукативен камп, формирање и надлежност на Комисијата за спроведување на постапката (во натамошниот текст: Комисијата).

Член 2

Изборот на ученици од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода кои ќе посетуваат бесплатен летен спортско едукативен камп се врши согласно член 22, став 1 и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл. Весник на Р.М., бр. 5/2002 ), Програмата за образование (Н1) за основно образование за тековната година објавена во службеното гласило на општината и одредбите од овој Правилник.

Член 3

Висината на средствата за посетата на бесплатен летен спортско едукативен камп од членот 2 на овој Правилник се предвидува во Буџетот на општината во Програмата за образование (Н1) за основно образование, за секоја година посебно, а кои се објавуваат во службеното гласило на општината.

## II. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТАОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА КОИ ЌЕ ПОСЕТУВААТ БЕСПЛАТЕН ЛЕТЕН СПОРТСКО ЕДУКАТИВЕН КАМП

Член 4

Кандидатите треба да ги исполнат следните услови и критериуми:

- Вреднување постигнатите резултати на сите кандидати во поединечна и екипна конкуренција, на училишно, клупско и репрезентативно ниво во

поединечна и екипна конкуренција во **олимписките спортови**, согласно класификацијата на Агенцијата за млади и спорт

Меѓународни поединечни и екипни натпревари, Светско првенство, Европско првенство, Медитеранско првенство, Балканско првенство, Државно првенство (поединечно и екипно), Регионално првенство (поединечно и екипно), Градско првенство (поединечно и екипно), Домашни и меѓународни турнири (поединечно и екипно). Се вреднуваат прво, второ и трето место. Кандидатите задолжително да ги достават, дипломите и признанијата за освоени места или учество на официјални државни, меѓународни и регионални натпревари, како и дипломите и признанијата за освоено место или учество на пријателски натпревари во сите категории.

Се вреднуваат постигнатите резултати на сите кандидати во поединечна и екипна конкуренција, на училишно, клупско и репрезентативно ниво во поединечна и екипна конкуренција во **неолимписките спортови**, согласно класификацијата на Агенцијата за млади и спорт.

Меѓународни поединечни и екипни натпревари, Светско првенство, Европско првенство, Медитеранско првенство, Балканско првенство, Државно првенство (поединечно и екипно), Регионално првенство (поединечно и екипно), Градско првенство (поединечно и екипно), Домашни и меѓународни турнири (поединечно и екипно). Се вреднуваат прво, второ и трето место. Кандидатите задолжително да ги достават, дипломите и признанијата за освоени места или учество на официјални државни, меѓународни и регионални натпревари, како и дипломите и признанијата за освоено место или учество на пријателски натпревари во сите категории.

Кандидатите задолжително треба да ја достават следната документација:

1. Да е редовен ученик во воспитно – образовна установа на територија на општина Кисела Вода верифицирана со акт од Министерството за образование и наука;
2. Одлука и мислење од класен раководител;
3. Одлука и мислење од ментор (тренер на клубот;
4. Потврда од соодветна федерација ;
5. Фотокопија од дипломи за освоено место и
6. Изјава за користење на лични податоци потпишана од родител/старател.

**III. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВА КАТЕГОРИЈА НА УЧЕНИЦИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА КОИ ЌЕ ПОСЕТУВААТ БЕСПЛАТЕН ЛЕТЕН СПОРТСКО ЕДУКАТИВЕН КАМП**

Изборот на социјално ранлива категорија на ученици од општинските основни училишта ќе се темели на дефинициите согласно Закон за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.104/19).

Кандидатите треба да ги исполнат следните општи услови и критериуми:

- да е жител на општина Кисела Вода (фотокопија на лична карта на родител/старател);
- ученикот да е запишан во редовна настава во основните училишта Општина Кисела Вода (потврда од ООУ);

Покрај општите услови, кандидатите треба да исполнуваат и најмалку еден од следните посебни услови и критериуми:

- ги исполнува условите за лице од социјална ранлива категорија согласно Закон за социјална заштита, за истото доставува соодветна документација како доказ за исполнетост на условите;
- ученикот е член на најмалку четиричлено семејство, со еден вработен, примател на минимална плата (се доказува со потврда од исплатна листа за висина на плата, потврда од АВРМ за невработено лице);
- ученици од семејства чиј вкупен приход не надминува 35.000,00 денари месечно (доказ од УЈП за пријавени или остварени приходи за членовите на потесното семејство за последната година);

## IV. ПОСТАПКА ЗА ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА КОИ ЌЕ ПОСЕТУВААТ БЕСПЛАТЕН ЛЕТЕН СПОРТСКО ЕДУКАТИВЕН КАМП

Член 5

1. Постапката за избор на ученици од општинските основни училишта од општината Кисела Вода кои ќе посетуваат бесплатен летен спортско едукативен камп ја спроведува Комисијата која со решение ја именува Градоначалникот на општина Кисела Вода. Комисијата е составена од 7 члена и тоа: 2 членови на Советот на општината, 5 членови од редот на општинската администрација.
2. Комисијата работи согласно насоките предвидени во Правилник во кој се регулираат условите и критериумите за избор на ученици од општинските основни училишта од општината Кисела Вода кои ќе посетуваат бесплатен летен спортско едукативен камп и е задолжена да врши стручна техничка обработка на податоците од апликациите.
3. Комисијата е надлежна да објави јавен оглас за избор на за избор на ученици од општинските основни училишта од општината Кисела Вода кои ќе посетуваат бесплатен летен спортско едукативен камп, кој се

објавува на општинската веб страна и на огласните табли на основните училишта и трае 5 дена. Комисијата ја разгледува пристигнатата документација на кандидатите ученици кои постигнале резултати во тековната учебна година, согласно дадените услови и критериуми.

**4.** Кандидатот при аплицирањето треба да достави барање, кон кое ги доставува и следните документи: потврда за редовен ученик, фотокопија од диплома за освоено прво, второ или трето место на соодветни натпревари од областа на спортот предвидени во овој Правилник, мислење од класен раководител, мислење од наставник ментор (тренер на клубот), потврда од соодветна федерација, изјава за користење на лични податоци потпишана со цело име и презиме од родител – старател на ученикот.

**5.** Комисијата е должна во рок од 3 дена од завршувањето на огласот да направи избор и рангирање на сите пријавени кандидати, кои ги исполнуваат условите и за истото да подготви записник, кој заедно со предлог одлука го доставува до Градоначалникот, кој носи Решение избор на ученици од општинските основни училишта од општината Кисела Вода кои ќе посетуваат бесплатен летен спортско едукативен камп.

Член 6

Комисијата работи на состаноци што ги свикува и со кои раководи претседателот на Комисијата кој се грижи за правилно и законито работење на истата.

За текот на состаноците на Комисијата и за донесените одлуки се води Записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Овој Правилник влегува во сила со денот на негово донесување и истиот ќе биде објавен во Службен гласник на Општина Кисела Вода.

Број 09-4383/8
17 мај 2024година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за уредување на сквер (плоштад) согласно програма (Ј) комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за уредување на сквер (плоштад) согласно програма (Ј) комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2024 година, донесен на Триесет и деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 17 мај 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 4734/6
21.05.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 80 од Закон за градење ("Службен весник на Република Македонија" 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и деветтата пленарна седница, одржана на ден 17 мај 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за уредување на сквер (плоштад) согласно програма (Ј) комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2024 година**

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува уредување на сквер (плоштад) на КП 805/2, 805/3, 805/4, 808/2 и дел од КП 800/6, 800/9, 808/1 и 809 КО Кисела Вода 1, до реализација на ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДУП: МЗ Цветан Димов – Славија (блокови 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8 и 10).

Член 2

Во програмата (Ј) комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2024 година во делот од подпрограмата (ЈНО) урбана опрема – поставување и реконструкција на урбана опрема (клупи и корпи за отпадоци), огласни табли, опрема за детски игралишта (лулашки, лизгалки, клацкалки и друго), опрема за спортски игралишта (стативи, кошови, мрежи и друго), уредување на скверови е предвидено изведба и реконструкција на урбана опрема за остварување на јавен интерес. Согласно со наведеното, со донесувањето на оваа одлука се одобрува уредување на сквер (плоштад) на КП 805/2, 805/3, 805/4, 808/2 и дел од КП 800/6, 800/9, 808/1 и 809 КО Кисела Вода 1.

Член 3

Оваа одлука влегува во сиа со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-4383/9
17 мај 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за формирање постојана Комисија за унапредување на правата на пациентите во Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлука за формирање постојана Комисија за унапредување на правата на пациентите во Општина Кисела Вода, донесена на Триесет и деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 17 мај 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 4734/7
21.05.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 39, член 40, член 41, член 42, член 43 од Закон за Заштита на правата на пациентите („Службен весник на РМ“ бр. 82/08, 12/09, 53/11, 150/15 и 190/19) член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода -пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и деветтата пленарна седница одржана на 17 мај 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за формирање постојана Комисија за унапредување на правата на пациентите во Општина Кисела Вода**

Член 1

Со цел за унапредување на правата на пациентот, Општина Кисела Вода формира постојана Комисија за унапредување на правата на пациентите.

Член 2

Комисија за унапредување на правата на пациентите во Општина Кисела Вода се состои од единаесет члена и тоа:

1. Претставници на пациентите - членови на здруженијата на пациенти:
   - Александар Петровски- претставник на пациентите - член на здруженијата на пациенти и
   - Наташа Деспотовска Димитриевска - претставник на пациентите - член на здруженијата на пациенти

2. Претставници од здруженија што се занимаваат со човечките права и граѓанските иницијативи:
   - Мила Карадафова Ангеловска -претставник од здруженија што се занимаваат со човечките права и граѓанските иницијативи и
   - Јасмина Димишкова Рајковска - претставник од здруженија кое што се занимаваат со човечките права и граѓанските иницијативи

3. Претставник од здруженијата за заштита на правата на лицата со попреченост:
   - Марина Билбиловска - претставник од здруженијата за заштита на правата на лицата со попреченост;

4. Претставник од здружение кое се занимава со правата на жените:
   - Билјана Наскова Јовановска - претставник од здружение кое се занимава со правата на жените;

5. Лекари од општината:
   - Николина Гроздановска - лекар од општината и
   - Александра Накевска - лекар од општината

6. Членови делегирани од Советот на општините:
   - Емилија Трајковска - Член делегиран од Советот на општините;

- Горан Манасијевски - Член делегиран од Советот на општините и
- Татјана Нанкова - Член делегиран од Советот на општините.

Член 3

Комисија за унапредување на правата на пациентите во Општина Кисела Вода, ги врши следниве работи:

- унапредување на правата на пациентите и нивната заштита;
- унапредување на правата на пациентите кои се лица со попреченост и жени жртви на насилство;
- ја следи и проценува состојбата со заштитата на правата на пациентите;
- предлага мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите до надлежните органи;
- соработува со надлежните органи;
- разгледува поплаки од пациенти и предлага преземање на мерки до надлежни органи;
- бара стручна експертиза ако оцени дека е тоа неопходно за утврдување на состојбата;
- води евиденција за поединечни поплаки на пациентите, како и на мерките преземени за заштита на правата на пациентите;
- подготвува и поднесува годишен извештај за заштита на правата на пациентите пред советот на општината, односно градот Скопје;
- издава информации, промотивен и друг материјал со цел за унапредување на правата на пациентите и
- врши и други работи пропишани со овој закон.

Комисијата донесува деловник за својата работа со кој поблиску се уредува начинот на работа.

Член 4

Мандатот на членовите на Комисијата за унапредување на правата на пациентите во Општина Кисела Вода изнесува 2 (две) години со право на уште еден последователен избор.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-4383/10
17 мај 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за донесување на план за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за градежна парцела ГП 5.49 со намена А2 – домување во станбени згради формирана со дуп Реон Ј, Градска Четврт Ј10, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода – Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за донесување на план за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за градежна парцела ГП 5.49 со намена А2 – домување во станбени згради формирана со дуп Реон Ј, Градска Четврт Ј10, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода – Скопје, донесена на Триесет и деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 17 мај 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 4734/8
21.05.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20 и бр.111/23), Прирачникот за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација бр.24-6836/1 од 15.10.2021 година издаден од Министерство за транспорт и врски и врз основа на член 22 став 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), како и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и деветтата пленарна седница, одржана на 17 мај 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за донесување на план за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за градежна парцела ГП 5.49 со намена А2 – домување во станбени згради формирана со дуп Реон Ј, Градска Четврт Ј10, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода – Скопје**

Член 1

Со оваа Одлука се донесува план за парцелација од урбанистички проект согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20 и 111/2023) со план за парцелација за ГП 5.49 формирана со дуп Реон Ј, Четврт Ј10, КО Кисела Вода, Општина Кисела Вода со која се врши препарцелација на веќе формирана градежна парцела ГП 5.49 формирана со дуп Реон Ј,Четврт Ј10, донесен со Одлука бр.07-18/11 од 27.05.2014, Сл.гл.на Општина Кисела Вода, Општина Кисела Вода.

Член 2

Постапката за донесување на урбанистички проект согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на рм бр32/20 и бр.111/23) со план за парцелација за ГП 5.49 формирана со дуп Реон Ј, Четврт Ј10, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода е изготвен почитувајќи ги одредбите зададени со важечки дуп Реон Ј, Четврт Ј10, (Одлука бр.07-18/11 од 27.05.2014 година) и се спроведува согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник бр.32/20 и бр.111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

Член 3

Со урбанистичкиот проект согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20 и бр.111/23) на градежна парцела ГП 5.49 ДУП Реон Ј, Четврт Ј10, КО Кисела Вода, се формира една површина за градба определена со градежна линија и ознака на објектот 5.49 со намена А2-домување во станбени згради, а истовремено се уредува пристапот до градежните парцели од делумно реализирана пристапна улица и истата е со променлив профил-најмала ширина на коловоз 5,50м.

Член 4

Составен дел на оваа одлука е графички прилог-план за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за градежна парцела ГП 5.49

со намена А2 – домување во станбени згради формирана со дуп Реон J, Градска Четврт J10, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода – Скопје.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кисела Вода.

Број 09-4383/11
17 мај 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи и определување на локации за нивно поставување на подрачјето на Општина Кисела Вода – Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи и определување на локации за нивно поставување на подрачјето на Општина Кисела Вода – Скопје, донесена на Триесет и деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 17 мај 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 4734/9
21.05.2024  година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на членови 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 15 точка 1 алинеја 5 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на РМ“ бр.55/04, 158/11), член 80 и член 81 од Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр. 130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18; 168/18) и („Службен весник на РСМ“ бр.244/19, 18/20, 227/22 и 111/23), член 12 и член 41 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на РМ“ бр. 62/04; 89/08; 115/10; 53/11; 141/12; 164/13; 187/13; 166/14; 199/14; 129/15; 192/15; 39/16; 53/16 и 71/16), член 8 и член 20 од Законот за занаетчиство (Службен весник на РМ бр.215/15, 215/21), член 67 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кисела Вода – Скопје (“Службен гласник на Општина Кисела Вода – Скопје” бр.11/2013, бр.4/2014 и бр.06/24) и член 2 од Одлука за висината на комуналните такси на Општина Кисела Вода - Скопје (Службен гласник на Град Скопје бр.7/2005 и 10/2005), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и деветтата пленарни седница, одржана на 17 мај 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи и определување на локации за нивно поставување на подрачјето на Општина Кисела Вода - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи и определување на локации за нивно поставување на подрачјето на Општина Кисела Вода - Скопје.

Со оваа Одлука се уредуваат условите, начинот и постапката за издавање управен акт за поставување подвижни објекти, подвижни апарати и други направи на јавни површини на подрачјето на Општина Кисела Вода - Скопје.

**Член 2**

Под подвижни објекти, подвижни апарати и други направи, во смисла на оваа Одлука се подразбираат објекти на сопствен погон или направи кои немаат сопствен погон на движење, односно претставуваат специјализирани возила за улична продажба со должина до 4 метри и висина до 3 метри, во кои можат да се даваат конфекционирани угостителски услуги кои немаат негативни еколошки влијанија врз околината (користат агрегат за напојување со струја со ниска бучавост кој е високо квалитетен, немаат индустриски агрегат и поседуваат сертификат за ниска емисија на штетни гасови), доколку ги исполнуваат минимално-техничките услови, како и други услови пропишани со закон. Максималната површина која може да ја зафаќа подвижниот објект е до 16 м2.

Подвижни објекти, подвижни апарати и други направи се поставуваат врз основ на акт донесен од страна на Советот на Општина Кисела Вода - Скопје.

**Член 3**

Со оваа Одлука, Општина Кисела Вода – Скопје ги определува локациите за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи, кои ќе бидат поставени на следните локации: Локалитет ,,Три круши", Парк на бранителите, Парк ,,Феникс", Парк ,,Иднина", Парк ,,Македонија", Парк ,,Фредерик Шопен", Парк ,,Пушкин", Парк ,,11-ти Октомври – бараки", Парк спроти Општина Кисела Вода, Парк ,,Мало паркче", Плоштад ,,Независност", Спортски простор ,,Славија" и други, за кои управен акт издава Градоначалникот на Општина Кисела Вода – Скопје по спроведен транспарентно објавен јавен повик и постапка.

Градичкиот приказ на локациите за поставување на подвижните објекти, подвижните апарати и другите направи ќе биде составен дел од јавен повик кој го објавува Градоначалникот на Општина Кисела Вода - Скопје.

**Член 4**

На утврдените локации на подрачјето на Општина Кисела Вода - Скопје може да се поставуваат подвижни објекти, подвижни апарати и други направи кои имаат дизајн и изглед кој не го нарушува амбиентот на околината каде што се поставени.

Максималната површина на локацијата на која се поставува опремата од оваа Одлука е до 16 $м^2$, а во која се опфатени подвижниот објект, подвижниот апарат или друга направа, манипулативен простор, урбана опрема во функција на користењето на локацијата – корпа за отпадоци.

На подвижните објекти цитирани во оваа Одлука, може да се поставуваат рекламни натписи само во широчина на челото на опремата и површината на истите се засметува во вкупната висина и широчина на подвижниот објект.

**Член 5**

Начинот и условите за користење на локациите се утврдуваат на јавен транспарентен повик кој го објавува Градоначалникот на Општина Кисела Вода - Скопје.

Начинот на спроведување на постапката за издавање на управен акт за поставување подвижни објекти, подвижни апарати и други направи се спроведува согласно одредбите од Законот за општата управна постапка ("Сл.весник на РМ" бр.124/15 и бр.65/18) и останатата позитивна законска регулатива во Република Северна Македонија.

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода - Скопје да го објави јавниот повик со кој ќе ги пропише конкретните услови, начинот и постапката за доделување и користење на локации за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи.

За поднесените барања за користењето на локации важи принципот прв дојден прв услужен.

**Член 6**

Јавниот повик што ќе биде објавен од страна на Градоначалникот на Општина Кисела Вода - Скопје ги содржи следниве елементи:

- Предмет на јавниот повик за утврдување на условите, начинот и постапката за издавање на управен акт за поставување подвижни објекти, подвижни апарати и други направи на јавни површини на подрачјето на Општина Кисела Вода - Скопје;
- Временска рамка за користење на локациите за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи;
- Минимални услови за учесниците/апликантите во постапката (барање со преферирани локации, утврдено право за учество во јавен повик, минимално-технички услови за дејноста, регистрирана дејност, графички прилог – цртежи и фотографија, каталог, скица, цртеж, графички приказ);
- Рок на поднесување;
- Останати податоци потребни за аплицирање на повикот (место, рок, комунална такса и сл.);
- Графички приказ и геодетски координати од определените локации.

Јавниот повик и локациите за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи ќе бидат објавени на официјалната интернет страница на Општина Кисела Вода – Скопје.

**Член 7**

Оваа одлука стапува во сила на денот на донесувањето од страна на Советот на Општина Кисела Вода-Скопје.

Број 09-4383/12<br>17 мај 2024 година<br>Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општина Кисела Вода<br>Иван Живковски с.р

С О Д Р Ж И Н А:


1. Квартални извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2024 година – К1 - квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година; - К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините;
2. Одлука за прифаќање на донација во вид на набавка, транспорт и монтажа на детски реквизити;
3. Одлука за давање согласност на Правилникот за условите, начинот и постапката за давање на термини за истакнување на реклама во спортските објекти „НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА“ и „АРХИЕПИСКОП ДОСИТЕЈ“ со кои стопанисува Јавното комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ;
4. Одлука за давање согласност на Правилникот за условите, начинот и постапката за давање на термини на користење во спортските објекти на територијата на Општина Кисела Вода со кои стопанисува Јавното комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ;
5. Правилник за условите и критериумите за избор на ученици од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода кои ќе посетуваат бесплатен летен спортско едукативен камп;
6. Одлука за уредување на сквер (плоштад) согласно програма (Ј) комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2024 година;
7. Одлука за формирање постојана Комисија за унапредување на правата на пациентите во Општина Кисела Вода;
8. Одлука за донесување на план за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за градежна парцела ГП 5.49 со намена А2 – домување во станбени згради формирана со дуп Реон Ј, Градска Четврт Ј10, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода – Скопје;
9. Одлука за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи и определување на локации за нивно поставување на подрачјето на Општина Кисела Вода – Скопје;